# **З А П И С Н И К бр. 44**

Од одржаната 44-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 24.01.2020 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во општината. Седницата започна со сите советници освен оправдано отсутната Маја Илијева. Останати присутни:Методи Николов, Градоначалникот , Илиова Ленче и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

## **Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 43 седница,**
2. **Осврт на работењето на Советот на општина Зрновци во 2019 година,**
3. **Извештај од Градоначалникот на општина Зрновци за работењето на локалната самоуправа во 2019 година,**
4. **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Зрновци за IV квартал 2019 година ( К1,К2,и К3)**
5. **Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година,**
6. **Предмет на разгледување и давање на приоритет на средствата одобрени преку Светска банка за изградба на улици и локални патишта**
7. **Одлука за реконструкција на кукичката во селските гробишта во Зрновци**
8. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци, Трактор DF-554**
9. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци,Преден нож за чистење на снег TXC 200**
10. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци, комунален мулчер за трева и гранки AGL 145**
11. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци, Заден тракторски утоварач BHSM 554 175**
12. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци, тракторска приколка Kuzey 3.5**
13. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци, заден утоварач U 100**
14. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци,Соларка за трактор FRM**
15. **Разно**

Тек на седницата:
Претседателот ја отвори седницата и кажа дека има дополнение на дневниот ред со 2 точки:

- Решение за разрешување на лицето Кети Николова, член на УО на ЈОУДГ Бисерчиња и решение за назначување на нов член
- Одлука за обезбедување на тампон за локалниот пат Зрновци – Мородвис

Предлог дневниот ред со новите точки беше ставен на усвојување и усвоен со 8-ЗА гласа.

1. **Усвојување на записникот од 43 седница,**

Претседателот отвори дисксуија по записникот. Никој не побара збор и записникот беше усвоен со 7-ЗА и 1 воздржан.

2. **Осврт на работењето на Советот на општина Зрновци во 2019 година,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Никој не се јави за збор и извештајот беше усвоен со 8-ЗА гласа.

3. **Извештај од Градоначалникот на општина Зрновци за работењето на локалната самоуправа во 2019 година,**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Градоначалникот. Тој кажа дека е задоволен од постигнатото во 2019 година и дека од страна на општината се вложени максимални напори. Се осврна на долгот спрема Гранит и кажа дека посела овој долг се раздолжува иако преставува огромен топвар врз работењето и инвестирањето. Понатаму продолжи дека во 2018 год општината скоро и да немаше проекти поради фактот што неколкуте повици од страна на владата и министерствата не беа распишани. Во 2019 година општината аплицираше и доби повеќе проекти. Тој го спомена правењето на патот Видовиште – Мородвис кој е завршен и патот Зрновци – Мородвис кој треба сега да се прави со дополнително барање општината да го набави тампонот. Во 2019 се реализираше и проектот за набавка на трактор и дополнителна



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

механизација за КЈП Водна Кула. Понатаму беше реализиран проектот Пешачка патека на ул.Илинденска, Асфалтирање на ул. Тодор Арсов, асфалтирање на крак од ул.Трифун Вангелов. При крај е и реализацијата на проектот Реконструкција на домот во с.Видовиште и втората фаза од Етно паркот во с.Зрновци. Истотака во овој период беа поставени и 3 фотоволтаични системи на општинската зграда, градинката и спортската училишна зграда. Во 2019 година општината се посвети и на изработката на техничка документација така да беа изработени проектите: Реконструкција на крак од ул Никола Карев и крак од ул. Филе Ристов во Зрновци, Реконструкција на локален пат Мородвис – селски гробишта, Реконструкција на ул.Арсо Ангелов, Изградба на крак од канализациона мрежа за дел од ул. Скопска , Изградба на дел од ул.Илинденска и дел од ул. Генерал Апостолски, изградба на локален пат с.Зрновци – МВ Подлески и реконструкција на културен дом во с.Мородвис.
Градоначалникот кажа дека општината има доставено до канцеларијата на Светска банка за проектот за локални улици и патишта 6 проекти и се надева дека истите би можеле да бидат финансирани со одобрената сума во наредните 4 години.
Извештајот беше одобрен со 8-ЗА гласа.

4. **Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Зрновци за IV квартал 2019 година ( К1,К2,и К3)**

Претседателот отвори дискусија по точката. За збор се јави Ленче Илиова која го појасни извештајот.За збор се јави Виктор Новков кој праша за сумата од 6000 ден за во К2. Му беше одговорено дека станува збор за тековни набавки за потрените на општината од ЈТД Елен Виница и ДБ Интернационал Зрновци. Извештајот беше усвоен со 8-ЗА гласа.

5. **Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година,**

Претседателот отвори дискусија и даде збор на Ленче Илиова. Таа појасни дека во моментот кога се донесувал Буџетот на општината од Министерството ја немало таа одлука со која се одредува висината на бодот. Сега само се ускладува новата одлука со буџетот. Одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

6. **Предмет на разгледување и давање на приоритет на средствата одобрени преку Светска банка за изградба на улици и локални патишта,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Градоначалникот кажа дека веќе објаснил за што станува збор дека од страна на тим на Светска банка биле на нашиот терен и дека имало неколку забелешки, дека има спорна парцела спроти селските гробишта за која мора да се изврши експропријација ( парцелата по грешка е уцртана во патот) дека патот Фудбалско игралиште – Малеово не преставува целина и дека треба да се продолжи, За таа цел Градоначалникот кажа дека истиот проект ќе се доработи и ќе го поврзува Зрновци со Мородвис преку т.н. Штипски пат. Според кажувањата на лугето од Светска банка со 6-те проекти кои веќе се однесени во Светска банка ќе се покрие сумата доделена на општина Зрновци но не се знае кога би биле истите тендерирани. Доколку се побара од Светска банка да се достави и официјален документ за евентуални приоритети, Советот на општината тоа и ќе го направи. Точката беше усвоена со 8-ЗА гласа.

7. **Одлука за реконструкција на кукичката во селските гробишта во Зрновци,**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Градоначалникот. Тој кажа дека има реакции од граѓаните и со право бидејќи објектот се наоѓа во многу лоша состојба. Тој кажа дека за реконструкција на истиот имало некоја предмер пресметка во висина околу 500.000 мкд и појасни кои се ставките што би биле предмет на реконструкција. Објектот би се реконструирал со сопствени средства бидејќи донаторите не подржуваат вакви проекти. Одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

8. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци, Трактор DF-554**

Претседателот отвори дискусија по точката. Градоначалникот кажа дека е успех што е обезбедена оваа опрема и дека треба истата да биде отстапена на трајно користење и сопственост за да истата се регистрира и соодветно одржува.
Одлуката беше донесена со 8-ЗА

9. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци,Преден нож за чистење на снег TXC 200**

Претседателот отвори дискусија по точката. Никој не се јави за збор и одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

10. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци, комунален мулчер за трева и гранки AGL 145**

Претседателот отвори дискусија по точката. Никој не се јави за збор и одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

11. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци, Заден тракторски утоварач BHSM 554 175**

Претседателот отвори дискусија по точката. Никој не се јави за збор и одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

12. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци, тракторска приколка Kuzey 3.5**

Претседателот отвори дискусија по точката. Никој не се јави за збор и одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

13. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци, заден утоварач U 100**

Претседателот отвори дискусија по точката. Никој не се јави за збор и одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

14. **Одлука за преостапување во трајна сопственост на КЈП Водна Кула Зрновци,Соларка за трактор FRM**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Претседателот отвори дискусија по точката. Никој не се јави за збор и одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

15. **Решение за разрешување на лицето Кети Николова, член на УО на ЈОУДГ Бисерчиња и решение за назначување на нов член,**

Претседателот отвори дискусија по точката. Тој појасни дека лицето Кети Николова е вработено во Штип и според нејзино кажување веќе не е во можност да ја обавува оваа функција и затоа е потребно нејзино заменување со друг член. Со 8-ЗА гласа беше донесена одлука за нејзин престанок за член во УО на ЈОУДГ Бисерчиња. Претседателот предложи за нов член да биде лицето Емилија Цветкова која има 2 дечиња во детската градинка. Предлогот беше изгласан со 7-ЗА и 1 воздржан.

16. **Одлука за обезбедување на тампон за локалниот пат Зрновци – Мородвис**

Претседателот отвори дискусија по точката. Градоначалникот кажа дека разговарал со Зоки од Механика и дека тој кажал дека ќе даде извесна количина на тампон а општината мора да се обврзе да го набави целиот. Убаво би било, рече тој, ако се успее целиот тампон да биде без пари. Тој продолжи дека општината мора да испрати изјава дека ќе ги реши имотно-правните работи и дека ќе обезбеди тампон за патниот правец Зрновци – Мородвис.

17. **Разно**

Претседателот отвори дискусија. Методи Николов предложи да се донесе одлука за експропријација за парцелата КП бр. 5728/3 на ул Илинденска. Одлуката беше донесена со 8-ЗА.

За збор се јави Здравко Иванов кој праша под чија надлежност спаѓаат парковите бидејќи во Видовиште биле искршени сијалици и клупи и никој не ги поправал. Славчо побара информација околу неодамнешната продажба на градежно земјиште. Му беше одговорено дека аукцијата поминала многу добро без проблеми. Методи Николов ја појасни целата процедура околу продажбата на градежни парцели.

Седницата заврши во 14:32

**Записничар**
**Благој Данев**

**Претседател на Совет на општина Зрновци**
**Владо Ристов**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)